РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 03-783/1
03.10 2011 год.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Ревизорско тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош
Бр. 03-112/1
03.10. 2011 год.
СКОПЈЕ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**склучен помеѓу**

**Државниот завод за ревизија**

**и**

**Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош**

**Скопје, септември 2011 година**

Државниот завод за ревизија, претставуван од Главниот државен ревизор Тања Таневска
и
Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош, претставувано од Главниот ревизор за ИПА Владимир Бахчовановски,

а имајќи предвид дека блиската соработка помеѓу Државниот завод за ревизија и Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош ќе ја зголеми ефикасноста и ќе ја унапреди соработката во остварувањето на надлежностите на двата органи, согласно законите

потпишаа

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

## I.Општи одредби

### Цел на Меморандумот

Член 1

Целта на Меморандумот за соработка е унапредување на соработката во вршењето на надлежностите од делокругот на органите, како и размена на податоци и искуства помеѓу двете институции.

### Области на соработка

Член 2

Со овој меморандум Државниот завод за ревизија и Ревизорското тело ја изразуваат подготвеноста за соработка во:

- обезбедување континуирана размена на податоци и информации
- давање стручна помош и соработка во областа на ревизијата
- организирање заеднички обуки за подобрување и усовршување на ревизорските капацитети на двете институции

## II. Начин на соработка

### Размена на податоци и информации

Член 3

Страните на Меморандумот се согласни да обезбедат размена на податоци и информации барани од едната страна.
Страните на Меморандумот се согласни во најкус можен рок да ги доставуваат добиените писмени податоци и информации од други институции кои и биле доставени на едната страна, а се од значење за тековното работење на другата страна.

### Стручна помош

Член 4

Страните на Меморандумот се согласни да обезбедат давање стручна помош и соработка во областа на ревизијата од аспект на методологијата и примената на меѓународните стандарди за ревизија.

Исто така согласни се да обезбедат размена на стручна литература, прирачници и друг вид на материјали (презентации, анализи и сл.) потребни за процесот на ревизијата.

Член 5

Страните на Меморандумот се согласни да организираат заеднички обуки на ревизорите за подобрување и усовршување на ревизорската ефикасност и ефективност преку зајакнување на ревизорските капацитети на двете институции.

Исто така согласни се меѓусебно да се информираат за организираните обуки и семинари или покани за учество на обуки, работилници и семинари за своите вработени, веднаш по добивањето на информацијата.

## III. Завршни одредби

Член 6

Страните на Меморандумот се согласни да се придржуваат кон целта на меморандумот за соработка.

По потреба и со согласност на двете страни, овој Меморандум може да биде дополнуван со одредби чие извршување е од заеднички интерес.

Член 7

Овој Меморандум стапува во сила со денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

Овој Меморандум е составен во четири истоветни примероци, од кои по два за секоја договорна страна.

**Главен државен ревизор**

Тања Таневска

**Главен ревизор за ИПА**

Владимир Бахчовановски